ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Градоначалникот Трајковски ги презентираше придобивките од инвестициите во зелената енергија во Делчево на МЕФ Енергетски форум 2023
- Матурантите со традиционално дефиле во Делчево. Одбрани најдобрите 10 матуранти
- Делчево најтранспарентна општина во ИПР
- Делчево одбележа 147 години од Разловечкото востание

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 36 МАЈ 2023

## Градоначалникот Трајковски ги презентираше придобивките од инвестициите во зелената енергија во Делчево на МЕФ Енергетски форум 2023




## Матурантите со традиционално дефиле во Делчево. Одбрани најдобрите 10 матуранти



## Делчево најтранспарентна општина во ИПР




## Делчево одбележа 147 години од Разловечкото востание



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Совет на Општина Делчево



**Советот на Општина Делчево на 12 мај ја одржа својата 23 Седница. На Седницата беа донесени неколку одлуки и заклучоци.** Советот на Општина Делчево на 23 Седница донесе Одлука за дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување јавно осветлување бр.09-733/1 од 13.03.2023. Со оваа Одлука се дополнува членот 3 од Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за користење и одржување јавно осветлување со која по ставот 1 од член 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„Градоначалникот на Општина Делчево да го задолжи Секторот за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР да издава Потврда по барање на имателите на електрични броила со која ќе потврди дека имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување се лоцирани и поставени на:

- земјоделско земјиште вон мрежата за јавно улично осветлување и придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување".

Советниците ја донесоа и Одлуката за формирање Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и Одлуката за одобрување приоритетен проект за апликација по Проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, во форма на грант и кофинансирање по Повикот за финансирање техничка документација за инфраструктурни проекти преку Фондот за техничка документација воспоставен со подршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој за мал Грант до 30. 000 американски долари, за **Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во градот Делчево.** Општина Делчево ќе обезбеди кофинансирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација (проектирање), односно ќе го обезбеди минималното кофинансирање во износ од 6. 000 американски долари и дека доколку е потребно ќе ги покрие сите трошоци кои евентуално би се јавиле над висината на грантот, но не поveќе од 30% од максималната вредност на грантот.

Оваа Одлука е составен дел на апликацијата за финансиска поддршка за техничка документација преку Фондот за техничка документација воспоставен со подршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" – Фаза 2, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

Советниците го усвоија Извештајот за работа на ЈКП „Брегалница" и Годишната сметка на ЈКП „Брегалница", дополнувањето на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево, Измената на годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Делчево и на ОЈУДГ „Весели цветови", Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година; Годишниот извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2022 година; Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Љупчо Тодоров; Одлука за расходување неупотребливи материјали и предмети останати по реновирањето на санитарните јазли на училиштето;

Совет на Општина Делчево

# Градоначалникот Трајковски ги презентираше придобивките од инвестициите во зелената енергија во Делчево на МЕФ Енергетски форум




Сонцето во Делчево ќе произведува над 1 кв на час струја по глава на жител што го прави Делчево една од водечките општини за искористување на обновливите извори на енергија. Ова го потврдуваат фактите кои говорат дека во Делчево вкупно се инсталирани или во фаза на инсталирање се фотоволтаици кои ќе произведуваат енергија од сонцето од 14 300 кв. Но, производството на енергија од сонцето, се очекува значително да се зголеми, бидејќи се најавени нови инвестиции. До Општината има доставено уште 24 иницијативи од правни и физички лица за инсталирање фотоволтаици на кров или на земја.

Искуството на Делчево од придобивките од инвестициите во обновливите извори на енергија кои имаат голем потенцијал да ја намалат енергетската сиромаштија, да ги намалат сметките за електрична енергија и да ја заштитат животната средина, како и предизвиците на Делчево во наредниот период, ги презентираше градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски на МЕФ Еергетскиот форум 2023 кој деновиве се одржува во Скопје. Форумот е под покровителство на вицепремиерот Фатмир Бетиќи, а на него присуствуваа голем број високи владини претставници од земјата и регионот, амбасадори, претставници од меѓународни организации и фондации. Темата на Форумот е „Подобрување на триаголникот политики – финансиска – енергетска технологија за енергетска отпорност и зелена транзиција“.

Трајковски посебно го потенцираше значењето од формирање енергетски задруги на локално ниво за што е несомнено потребна сериозна поддршка за реализација на овој концепт на здружување граѓани, јавни институции и бизнис- секторот од една локална заедница, заради остварување заедничка цел, во случајот производство на енергија од обновливи извори, нешто кое во развиените западноевропски земји одамна е реалност. Енергетските задруги се вистински начин за демократизација на енергетскиот сектор, истакна Трајковски

МЕФ Енергетскиот форум 2023 година е во организација на ЗИП Институтот, во партнерство со Владата на Република Северна Македонија и Делегацијата на ЕУ во Скопје.

Актуелности

Актуелности

# Делчево најтранспарентна општина во ИПР




Општина Делчево е една од двете најтранспарентни општини во Источно-планскиот регион со вкупно 56 бодови или 93,30% поени за проактивна транспарентност и бележи пораст за 4 места во споредба со мониторингот од 2021 г. Или од мониторирани 89 институции, општини и центрите за развој на планските региони, таа го дели третото место заедно со општините Берово и Битола со што и понатаму припаѓа во семејството општини со највисока транспарентност. ИПР и понатаму останува најтранспарентен регион со вкупно 70,28%.

Ова го покажаа резултатите од Извештајот за извршена проверка на објавените документи и информации кои општините и центрите за развој на планските региони во Република Северна Македонија, како иматели на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници. Мониторингот го реализираше Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во периодот од 10 април до 15 мај 2023 со кој беа опфатени 89 институции- општини и центрите за развој на планските региони.

Напредок во транспарентноста, Општина Делчево бележи и согласно Индексот за транспарентност со 88,60% и спаѓа во категоријата општини со многу добра транспарентност. Оваа анализа е извршена од УСАИД во рамките на Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите со која се опфатени 24 општини.

Овие анализи на транспертноста на Општина Делчево го дефинираат сериозниот пристап кон транспарентноста и отчетноста во работењето на општината. Активната транспарентност е најдобра алатка за транспарентност на една институција и помага за одговорно трошење на јавните пари, се промовираат принципите на добро владеење и интегритет, институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подобро ќе управува со информациите со коишто располага. За постигнување на овие зацртани цели, Општина Делчево има донесено стратешки документ за надворешна комуникација, годишни програми за однос со јавноста, се изработува и е-информатор, а редовно се објавуваат и ажурираат сите документи согласно законската обврска.

Изминатиов период, Општина Делчево изврши адаптација и усогласување на веб-страницата согласно со насоките од Министерството за локална самоуправа и Кодексот за транспарентност на локално ниво.

## Истражување во рамките на Проектот Република Северна Македонија-погранични економски активности со Бугарија: запоставена димензија





Центарот за економски анализи – Скопје (ЦЕА- Скопје) во рамките на проектот „Република Северна Македонија – погранични економски активности со Бугарија: Запоставена димензија" ги презентираше наодите од провото теренско истражување спроведено на територија на пограничните општини Берово, Пехчево и Делчево. Проектот е финансиран од бугарската помош за развој.

**Целта на Проектот е п**ромовирање на социоекономската кохезија вклучувајќи работа со млади луѓе, зајакнување на добрососедските односи, регионална стабилност и меѓусебна соработка, социоекономска соработка.

Во овој прв извештај, **севкупната состојба** од теренското истражување укажува дека посетите од бугарските граѓани се значително намалени, главно, поради политичката ситуација помеѓу двете земји (според исказите на мнозинство од испитаниците).

Очекувањата за летниот период се позитивни, а е**фектите за локалната економија од посетите на бугарските потрошувачи** се најголеми во Делчево и изнесуваат околу 4% споредено со општинските сопствени приходи што ги собира Општината. Пониска вредност е ефектот кај општините Пехчево (1,1%) и Берово (0,4%).

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Тактичко-показна вежба по повод Денот на пожарникарите




Во ООУ „Св. Климент Охридски“ се одржа тактичко-показна вежба на ТППЕ Делчево исценирана со симулација на пожар и евакуација на повредени лица од зградата на училиштето.

По дојавата за пожар во основното училиште, ТППЕ Делчево реагираше со 11 пожарникари, со три противпожарни возила и професионална скала за противпожарни интервенции на високи објекти при што беше изганснат пожарот, евакуирани децата и вработените во училиштето, а беше извлечено и повредено лице од објектот.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на појава на пожар во објектите на институциите во градот, но и да се провери исправноста на опремата.

Градоначалникот Трајковски по повод успешно реализираната вежба посочи дека изминатиот период, во континуитет се инвестираше за подобрување на опременоста на единицата, но и условите за престој на пожарникарите.

-Обезбедивме и ново противпожарно возило, донација на две противпожарни возила, две скали за гасење пожари на високи објекти, како и опрема за лична заштита на пожарникарите што значи дека на нивната професионалност додаваме битен елемент за нивната лична заштита, рече Трајковски.








# Орце Тодоровски – најдобар пожарникар во Делчево




По повод Денот на пожарникарите, 20 Мај, градоначалникот на Општина Делчево ја посети ТППЕ Делчево. На средбата со пожарникарите, градоначалникот Трајковски честитајќи им го Денот на пожарникарите, изрази задоволство од професионалноста, нивната експедитивност, ефикасност и пожртвуваност.

–Овој ден кој е посветен на пожарникарите е одличен повод, јавно да се заблагодарам за професионализмот и одговорноста на делчевските пожарникари. Секогаш први во заштитата на граѓаните и нивниот имот секогаш докажуваат дека се на висината на својата задача, рече Трајковски.

Традиционално по повод Денот на пожарникарите, Трајковски ја додели и наградата за најдобар пожарникар. Годинава на предлог на пожарникарите за најдобар пожарникар е прогласен Орце Тодоровски пожарникар кој има над 15 години работен стаж.

Денот на пожарникарите 20 Мај е ден на пожарникарството во Република Северна Македонија. На овој ден во 1836 година во Битола е формиран прввиот противпожарен одред. Во светски рамки денот на пожарникарите се слави на 4 мај во сеќавање на пожарникарите кои го изгубиле животот во борба со огнената стихија.



Актуелности

Актуелности

# Одбележан Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот



По повод 78 години од победата над фашизмот и 73 години од Денот на Европа, во Делчево се одржа пригодна свеченост. Пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот, членовите на КУД „Гоце Делчев“ подготвија пригоден реферат за НОБ во Македонија и победата над фашизмот, како и реферат за 9 Мај, датум кога Европа го одбележува својот ден како европски симбол.

Во рамките на одбележувањето, пред споменикот на паднатите борци се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, делегација од Советот на Општина Делчево, претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Датумот 9 мај е поврзан со два клучни настани во светската историја. Во 1950 година на овој ден, Роберт Шуман го презентирал предлогот за создавање организирана Европа, како опција за одржување на мирот на разурнатиот и поделениот континент. Предлогот, попознат како „Шуманова декларација“, се смета за почеток на формирањето на она што денеска го знаеме како Европска Унија.

Додека на 9 мај 1945 година со потпишувањето на безусловна капитулација на нацистичка Германија, официјално беше ставен крај на Втората светска војна во која учествуваше 61 земја, со вкупно 2,1 милијарда жители или 96 отсто од светското население и која однесе повеќе од 50 милиони животи.

Пијанец во Втората светска војна во борбата против фашизмот дало стотина жртви. Во нивна чест во центарот на Делчево е подигнат монументален споменик на кој се испишани нивните имиња, како и пораката „Сонцељубиви, зар без вас ќе бевме она што сме, не смрт без слобода, не без Македонија“.

# „Да се слушне гласот на младите, како да се биде европски граѓанин“






Во рамките на програмата за чествување на 9 Мај – Денот на Европа во конгресната сала на СОУ „М.М.Брицо“ под мотото „Да се слушне гласот на младите како да се биде европски граѓанин“ се одржа настан на кој под формата на ораторски говор учество зедоа учениците од ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св. Климент Охридски“ и СОУ „М.М. Брицо“.

Учениците своите говори ги интерпретираа на македонски, англиски, германски, француски и италијански јазик, а темата беше поврзана со историјата и значењето на Европската Унија, целта со која е создадена ЕУ, предизвиците со кои се соочуваат младите и нужната потреба на нашата држава што поскоро да стане дел од семејството на ЕУ.







# Делчево во чест на светите браќа Кирил и Методиј

Актуелности



Со пригодна свеченост, Општина Делчево го одбележа Денот на сесловенските просветители, светителите Кирил и Методиј, 24 Мај кои се слават како заштитници на градот Делчево. По тој повод, во крстилницата „Св.Наум“која е дел од црквата во изградба „Св. Кирил и Методиј“, се одржа Света божествена литургија на која чиноначалствуваше владиката Иларион, по што следуваше Света литија до новата црква параклис „Св.Климент Охридски“, каде беше извршено кршење на славскиот колач.

Во рамките на одбележувањето на Денот на сесловенските просветители, во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ се одржа концерт на труба и пијано во изведба на Благојче Ристов и Трајан Митев (Фоаје на Спомен-дом АСНОМ), како и драмската претстава „Самоубиство во самоодбрана“ во режија на Марјан Анѓеловски и Александар Јовановски.

Воедно, беа доделени и наградите од литературниот конкурс „Бисерот од школката на Кирил и Методиј“ во организација на ЈЛБ „Илинден, ООУ „ Св. Климент Охридски“ и ООУ „Ванчо Прке“ .

-Сите творби кои ни пристигнаа по повод наградниот литературен конкурс на тема „Бисерот од школката на Кирил и Методиј“, во чест на нашите просветители, се, навистина, прекрасни. Тоа значи дека комисијата за избор имаше, навистина, тешка задача, посочи директорката на ЈЛБ „Илинден, Билјана Петровска.

Награди за најдобри творби добија:

Николче Петровски од ООУ„Ванчо Прке“ и Калин Стефановски од ООУ„Св.Климент Охридски“ за најдобра творба поезија; Во проза, наградите за најдобра творба ги добија: од ООУ„Ванчо Прке“, Антонела Николовска и од ООУ„Св.Климент Охридски“ Калин Стефановски.

# Делчево и Разловци одбележаа 147 години од Разловечкото востание




Со пригодна свеченост традиционално организирана во дворот на црквата „Св. цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци, Делчево и селото Разловци одбележаа 147 години од Разловечкото востание, прво вооружено востание со кое отпочнува бурниот предилинденски период за слободна и самостојна македонска држава.

Програмата започна со пригоден реферат посветен на историските моменти и значењето на Востанието подготвен од членовите на КУД „Гоце Делчев“, додека делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Горан Трајковски, политички партии, здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе и се поклонија пред спомен-обележјето на поп Стојан, еден од организаторите на Востанието, а поставено на влезот на црквата „Св.цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци.

Градоначалникот Трајковски по повод годишнината од Востанието истакна дека Разловечкото востание е симболот на нашиот непокор,а храбрите востаници и жителите на Разловци се светол пример во нашата историја.

Во рамките на културно-уметничката програма настапија ученици од ПУ „Св.Климент Охридски“ од с. Разловци, како и КУД „Гоце Делчев“, ФГ НУЦК „Никола Јонкова Вапцаров“ и ФГ „Копачка.

Настанот беше во организација на Општина Делчево и НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со поддршка на Минситерството за клутура.

По повод 147 години од Разловечкото востание, се одржа и традиционалниот планинарски марш.








# Одбележани 120 години од смртта на Гоце Делчев

Актуелности




Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 120  години од убиството на македонскиот револуционер и патрон на градот, Гоце Делчев, кој на денешен ден во 1903 беше убиен од турската војска во селото Баница.

По тој повод, пред споменикот на револуционерот во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, делегација од Советот на Општина Делчево, како и претставници на политички партии, институции и здруженија на граѓаните. Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ прочитаа реферат за животот и делото на Делчев.

Во рамките на програмата за чествување на 120- годишнината од смртта на македонскиот револуционер и патрон на градот, Гоце Делчев, со почеток во 11:00 часот во фоајето на Спомен-дом АСНОМ беше отворена изложба „Лесновска ликовна колонија 2022“ во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, КУД „Гоце Делчев“ одржа целовечерен концерт посветен на Гоце Делчев, на кој беа доделени и наградите и благодарниците за наградниот литературен конкурс на тема „Гоце – наша ѕвезда водилка“ кој беше распишан од страна на Јавната локална библиотека „Илинден” во соработка со КУД „Гоце Делчев“.



Актуелности

# ООУ „Ванчо Прке“ го одбележа патрониот празник




ООУ „Ванчо Прке ” – Делчево со пригодни настани го прослави патрониот празник.
По повод патронатот, градоначалникот Горан Трајковски испрати честитка до вработените и учениците во училиштето при што истакна дека Делчево е гордо на успесите во воспитно-образовниот процес на училиштето кое годинава ја испишува 51-та година од постоењето.
При посетата на училиштето градоначалникот Трајковски изврши увид во градежните работи за реконструкција на тоалетите кои се во завршна фаза, а исто така ја посети и ликовната изложба на учениците од шесто до деветто одделение како и новоизработеното катче во холот на училиштето на кое се поставени пехарите од постигањата на учениците и нивните ментори на разни натпревари.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Недела на имунизацијата

Актуелности



Во рамките на Европската недела на имунизација Општина Делчево во соработка со НВО „КХАМ“ спроведе акција за подигање на свеста за значењето на вакцините, како единствена заштита од заразни болести и спречување епидемии.
По тој повод беше доделен пропаганден материјал за значењето на имунизацијата, а исто така, беа доделени и 10 хуманитарни пакети.
Акцијата се спроведува повеќе од 10 години, а целта е да се излезе на терен, да се проверат картоните за имунизација кај децата до 1 година, како и да се подигне свеста за важноста од редовната вакцинација.
Вакцинацијата е една од најуспешните превентивни мерки за заштита на здравјето на населението. Со воведувањето на вакцинацијата како мерка за заштита на населението од заразни болести се постигнати најдобрите резултати во историјата на медицината. Во Република Северна Македонија, со активна имунизација се започнува кон средината на минатиот век и со текот на времето бројот на болестите кои се превенираат со вакцинација сè повеќе се зголемува. Првата вакцинација во Република Северна Македонија е воведена во 1948 година со воведување на вакцинација против туберкулоза.



Актуелности

# Генералка викенд во Делчево



Во Делчево беше спроведена акција за чистење отпад, насловена „Генералка викенд 2023“. Во рамките на акцијата синхронизирано се чистеше отпадот на повеќе локации во градот. Во акцијата беа вклучени вработените во Општина Делчево и волонтери од Црвен крст – Општинска организација Делчево кои чистеа на локација во близина на с. Очипала. Учениците од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св. Климент Охридски“ ги чистеа училишните дворови и просторот околу самите училишта.

Целта на оваа еколошка акција која се реализираше од 12 до14 мај 2023 година во 53 општини е да има двоен ефект во заштитата на природата. Со пролетниот дел од оваа акција планирано е да се собере отпадот од голем број локации ширум земјата, а со есенскиот целта е да се придонесе за збогатување на шумскиот фонд.

На ваков начин се продолжува реализацијата на платформата „Свет без отпад“ и иницијативата за намалување на $CO_2$ во атмосферата.







# Матурантите ја прославија матурската вечер. Прогласени 10-те најдобри матуранти

Актуелности




Генерацијата матуранти 2019/2023 од делчевската гимназија СОУ„М.М.Брицо"ја прославија својата матурска вечер. Традиционално, прославата на матурата започна со дефилето на матураните низ центарот на Делчево што го проследија голем број граѓани кои заедно со нив се радуваа на генерацијата која чекори во иднината исполнета со многу соништа и амбиции.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски во своето обраќање пред матураните испрати порака со која ги повика матурантите да ја градат иднината во родното Делчево.

Трајковски на најдобрите 10 матуранти од СОУ „М.М.Брицо" им додели награди во вид на наградно патување низ Европа, а доделувањето на оваа награда е со цел да се поттикнат учениците да постигнуваат одлични резултати во текот на нивното школување.

Комисијата од СОУ „М.М.Брицо" за најдобри матуранти ги прогласи:

Ана Телетанска, која е и првенец на генерацијата;

2. Давид Михаиловски
3. Ева Ристовска
4. Александра Попова
5. Елена Ангеловска
6. Љупка Тодоровска
7. Ерика Стоименовска
8. Христина Петровска
9. Фросина Јовановска
10. Деника Спасевска

Годинава во СОУ „М.М.Брицо" завршуваат 109 матуранти.

Актуелности

# ЈЛБ „Илинден“ го одбележа Денот на македонскиот јазик



„Да си го зачуваме нашиот јазик и да си ја сакаме нашата азбука“- порачаа ученици од ООУ „Св.Климент Охридски“ од Делчево во рамките на свеченоста организирана од ЈЛБ„Илинден“-Делчево по повод 5 Мај, Денот на македонската азбука и македонскиот јазик.

На почетокот од приредбата уленичката Михаела Начовска потсети за значењето, создавањето и спецификите на македонскиот јазик и азбуката, а учениците од трето одделение при ова училиште пееја и рецитираа во чест на македонскиот јазик и азбука.

Македонска азбука е официјално и единствено писмо на македонскиот јазик со службен статус на територијата на Република Македонија, донесена на 5 мај 1945 година со решение на Народната Влада на Федерална Република Македонија. Се заснова на кирилицата со одредени измени приспособени на македонскиот гласовен систем. Современата македонска азбука се темели на кириличната азбука на Крсте Петков Мисирков.

Македонскиот книжевен јазик е јужнословенски јазик спаѓа во групата на јужнословенски јазици со околу 3 милиони говорници во Македонија, Грција, Албанија, Бугарија, САД, Канада, Австралија и други земји. Македонскиот јазик станал службен јазик на Социјалистичка Република Македонија во 1944.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**